Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 38/11
12-05-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-38-5 од 08.02.2022 поднесена од [redacted] од [redacted] против [redacted] за сторена дискриминација на лична основа во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 10.05.2022 го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус од страна на [redacted] врз [redacted] од [redacted] во областа на работата и работните односи.

О б р а з л о ж е н и е

На 20.01.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] за сторена дискриминација од страна на [redacted] врз [redacted] од [redacted] во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, подносителот е вработен на работно место Менаџер за клучни купувачи. На 18.02.2021, Комисијата согласно член 24, став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до [redacted], со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето

На 25.02.2022 година [redacted] преку полномошникот [redacted] од [redacted] достави произнесување по претставката заедно со приложена документација кон истото.

Комисијата согласно наводите и приложената документација кон претставката и кон произнесувањето ја утврди следната фактичка состојба:

Освен до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во Скопје, подносителот поднел претставка и до Државниот инспекторат за труд при МТСП на РСМ ( Пријава заведена под број ИП1 09-26 од 12.01.2021.

Во пријавата заведена под број ИП1 09-26 од 12.01.2022, поднесена од лицето Филип Димитровски изнесени се следните наоди:

По правосилна одлука на Апелационен суд – Битола, тужениот [redacted] на подносителот му доставил предлог за вработување на работно место – Менаџер за клучни купувачи со понудена нето плата согласно важечката систематизација. На пријавителот не му било понудено работното место Национален менаџер за клучни купувачи на кое што тој упорно инсистира. За ова работно место според систематизацијата точно е дека се работи за повисока плата, но воедно предвиден е и менаџерски статус! На пријавителот му било понудено работното место – Менаџер за клучни купувачи. Подносителот поднел приговор до [redacted], изјавувајќи дека го прифаќа договорот со исклучок на одредбата од чл. 8 која се однесува на нето платата, сомневајќи се на повреда на одредбата од чл. 6 ст. 1 и чл. 7 од ЗРО, кои се однесуваат на дискриминација, сметајќи дека му е понудена

пониска плата во однос на друг вработен за исто работно место, посочувајќи го како пример лицето – работникот [redacted].

При вршење на инспекцискиот надзор, утврдено е дека со правосилна пресуда на Основниот суд Битола со број РО-226/20 од 24.03.2021 година задолжен е тужениот ( во случајот субјект на надзор ) да го врати тужителот ( во случајот подносителот ) на работа на работно место кое одговара на степенот на неговата стручна подготовка.

Субјектот на надзор, со допис бр. 03-332/1 од 31.12.2021 година го известил подносителот, односно го повикал да се појави во просториите на [redacted], со цел склучување на договор за вработување , односно враќање на работа и му понудил – Предлог договор за вработување за работно место 0331 4 Менаџер за клучни купувачи, во сектор 03-Продажба, организациона единица 3-Клучни купувачи, служба-1-Клучни купувачи, работно место кое одговара на степенот на стручна спрема на подносителот, со понудена плата од нето месечен износ од 34.200,00 денари.

Видно од приговорот доставен до [redacted] и пријавата ( претставката ) поднесена до ДИТ, подносителот незадоволен од понудената нето плата, сомневајќи се на дискриминација во делот на висината на плата, побара од државниот инспекторат за труд да изврши увид во Договорот за вработување на извршителот Златко Ангелов, за кого смета дека има договор за вработување за истото работно место но со повисока плата.

Од извршениот увид во Договорот за вработување на извршителот [redacted] и актот за систематизација на работните места на [redacted], се утврди дека подносителот е во заблуда, односно дека се работи за посебни две работни места и дека нема компаратор.

Извршителот [redacted] поседува Менаџерски договор бр. 04-274/14 од 01.10.2020 година за работна позиција – 0331 3 – Национален менаџер за клучни купувачи, а на подносителот [redacted] му е понуден Договор за вработување на друго работно место 0331 4 – Менаџер за клучни купувачи, односно во случајот се работи за ДВЕ РАЗЛИЧНИ РАБОТНИ МЕСТА СО РАЗЛИЧНИ ЗАДАДЕНИ ОСНОВНИ ЗАДАЧИ И РАБОТНИ АКТИВНОСТИ, видно од описот на работните места, констатирано е во сочинетиот Записник за извршениот инспекциски надзор ИП 1 Број 09-26 од 03.02.2022 год. од Државниот инспекторат за труд МТСП РСМ.

Висините на платите на вработените во [redacted] се утврдуваат врз основа на методологија утврдена во Колективниот договор на ниво на работодавачот. Основната плата на работникот со полно работно време, нормален учинок и нормални услови за работа утврдена врз основа на сложеноста на работните места е утврдена со договорот за вработување и истата не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени за сложеност според Закон, Колективен договор за вработените од земјоделие и прехрамбената индустрија и со Колективниот договор на ниво на работодавачот. За секое работно место утврден е коефициент на сложеност. Основната плата за одделни степени на сложеност се утврдува така што износот на најниската плата се множи со коефициентот на степенот на сложеност за одделна група на која припаѓа конкретното работно место.

Имајќи го предвид елаборираното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ценеше дека во конкретниот случај **не станува збор за дискриминација** на лична основа ( анимозитет, омраза, предизвикување на штета од позиција на сила )одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

10.05.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]